Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел дневните настани 14.01.2023

На 13.01.2023 во 16.05 часот на бул.„Партизански одреди" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Р.(52) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години и осум месеци за сторено кривично дело „кражба" по член 235 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 13.01.2023 во 12.30 часот во Битола, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Битола го лишиле од слобода М.Т.(24) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, гранки од растението канабис и предмети со остатоци од марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во консултација со Јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.03.2023 во 13.40 часот во Свети Николе, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе го лишиле од слобода Д.Т.(27) од Свети Николе. Тој се сомничи дека во периодот од 05.01. до 13.01.2023 од гаража во дворното место од куќа сопственост на А.Л. одзел повеќе делови за патничко возило и трактор и други предмети. Дел од одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.01.2023 во 23.00 часот на ул.„Иван Хаџиниколов" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Н.(26) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.01.2023 во 21.55 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Л.(34) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.01.2023 во 18.00 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Т.М.(49), Д.Ѓ.(33) и М.Т.(25), сите од Велес. Во близина на угостителски објект на Автобуската станица во Велес, полициски службеници службеници го затекнале Т.М. при продажба на амфетамин на Д.Ѓ. и М.Т., а подоцна во угостителскиот објект, откако ги забележал полициските службеници, Т.М. голтнал дебе пакувања со амфетамин. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.01.2023 во 20.30 часот на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Д.М.(27) од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (14.01.2023) во 02.00 часот на ул„Александар Македонски" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле одслобода Х.Р.(29) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.01.2023 во 12.00 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го приведе Б.П.М.(33) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (14.01.2023) во 02.10 часот во објект на ул.„Партизанска" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип ги приведе Ж.К.(27) од Штип и А.М.(21) од с.Калиште, пробиштипско. При преглед кај нив, кај Ж.К. биле пронајдени и одземени марихуана и грутеста материја, додека кај А.М. била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.01.2023 во 08.30 часот на Граничен премин „Ќафасан", полициски службеници го лишиле од слобода П.Л.(32) од Република Албанија затоа што при пасошка контрола и извршени проверки било констатирано дека евидира на Стоп-листа со барање „Апел по телеграма од ОВР Струга. Лицето било предадено во Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 13.01.2023 во 15.30 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници го приведе И.Н.Д.(31) од Република Бугарија. При преглед и контрола на патничко возило „фолксваген туран" со бугарска национална ознака, кое го управувал, биле пронајдени и одземени нож и метална палка на расклопување. Лицето било предадено во Полициска станица Куманово и во консултација со Јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (13.01.2023) продолжи со контролите во областа на ноќната јакот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 174 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 21 санкција, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за возење под дејство на алкохол, четири мерки за нерегистрирани возила. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), две санкции за возач почетник...

На 13.01.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Аеродром, С.С.(43) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 13.01.2023 во 22.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, П.Ц.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Пеклање" бил каснат од куче скитник.

На 13.01.2023 околу 12.00 часот во Полициската станица Драчево, Г.Ц.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" бил каснат од куче скитник.

На 13.01.2023 во 11.45 часот на ул.„11 Ноември" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода Д.И.Д.(36) од Куманово. Таа се сомничи дека на 12.01.2023 околу 08.30 часот во аптека на ул.„11 Октомври" од лицето Г.М.(38) од Куманово одзела мобилен телефон и платежна картичка. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Битола, до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривична пријава против Б.А.(35) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" и против Б.У.(38) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање" во врска со кривично дело „измама". Првопријавениот Б.А., кој е на издржување казна затвор во Казнено-поправната установа Затвор Идризово, во текот на 2022 година во повеќе наврати измамил повеќе лица од различни градови од државата. Тој им се јавувал телефонски и лажно претставувајќи им се ги доведувал во заблуда и им нудел различни услуги. Додека, второпријавениот Б.У. со уште едно лице го организирале преземањето на парите. Откако ги земале парите го прекинувале контактот со лицата.

На 13.01.2023 во 19.50 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го приведе М.Ж.(23) од Скопје затоа што во угостителски објект на ул.„Пролет" се однесувал агресивно и оштетил дел од инвентарот. Притоа, кај него биле пронајдени два боксирачи. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.01.20223 во 02.45 часот на ул.„Ѓорги Василев" во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Ж.И.(44) од Струмица затоа што во 02.30 часот во казино во Струмица се однесувал агресивно и се заканувал на лица вработени како обезбедување. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.01.2023 во 03.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица ја лишиле од слобода Ј.Р.(38) од Свети Николе затоа што се однесувала агресивно и се заканувала на И.Т.К.(29) од Скопје и на полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Таа била задржана во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.01.2023 во 00.20 часот, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го лишиле од слобода С.Н.(51) од с.Долни Липовиќ, општина Кончe, затоа што на 13.01.2023 околу 22.50 часот во село Долни Липовиќ се обидел физички да го нападне В.С.(39) од истото село, по што му упатил закани и од своето возило извадил пиштол. Пиштолот бил пронајден и одземен од полициски службеници. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.01.2023 во 20.35 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода В.М. од Велес затоа што околу 19.00 часот во угостителски објект во Велес физички го нападнал З.К. од Велес. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.01.2023 во 00.30 часот во угостителски објект на ул.Блок 88 во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ја приведе В.Ч.(36) од Република Албанија затоа што на подрачјето престојувала без регулиран престој. Таа била предадена во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка.

На 13.01.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, 20-годишна девојка од Скопје пријавила дека таа и 20-годишник од Куманово биле измамени од едно женско лице за сума од 12.576 денари. Според пријавеното, тие стапиле во контакт со лицето, кое им понудило да им посредува за добивање работни места во Германија, а за што побарала надомест. Како што е пријавено, во неколку наврати ги уплатиле парите на сметка во банка и откако ја информирале дека нема веќе да пуштаат пари додека не потпишат договор, лицето го прекинало контактот и не им ги вратило парите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.01.2023 во 15.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг пред угостителски објект на ул.„Благоја Стефковски" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.С.(46) и И.М.(42)-женско лице, двајцата од Скопје, при што И.М. употребила и тврд предмет. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.01.2023 во 00.10 часот во СВР Скопје, С.З.(32) од Скопје пријавила дека околу 00.05 часот пред угостителски објект на бул.„АСНОМ" била физички нападната од Н.К. – женско лице од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.01.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на 12.01.2023 во угостителски објект во Кичево, Х.Л. од Кичево бил физички нападнат од Н.Л. од Кичево. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.01.2023 во 20.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Кондово, скопско, Р.Р.(80) од с.Кондово бил физички нападнат од едно лице, кое употребило и тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.01.2023 во 18.00 часот во СВР Штип, Д.М.(18) од Штип пријавил дека околу 17.30 часот на ул.„Пролетерска" во Штип бил физички нападнат од С.Д. од Штип. Се работи на расчистување на случајот.

Денеска (14.01.2023) во 00.28 часот во СВР Скопје пријавен е пожар во барака на главниот влез на Јавното претпријатие „Паркови и Зеленило", сопственост на претпријатието. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.01.2023 во 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Филип Втори", две лица физички го нападнале Ф.В.(20) од с.Палиград, скопско и му одзеле пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.01.2023 во 22.50 часот во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Р.Ф.(20) од Кавадарци. Тој се сомничи дека во декември 2022 година со закана принудил 18-годишник од Кавадарци половo да го задоволува, по што со остар предмет му се заканил да не пријавува во полиција. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.01.2023 во 20.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, 22 – годишна девојка од Скопје пријавила дека нејзиното момче В.Б.(24) од Скопје извршило обљуба врз неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.01.2023 во 22.00 часот во Полициската станица Карпош, И.И.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" бил каснат од куче скитник.

На 13.01.2023 во 17.30 часот во СВР Куманово, М.П.(50) од с.Табановце, кумановско, пријавил дека на ул.„Борис Кидрич" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 13.01.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во кичево, М.И.(69) од Кичево била нападната од две кучиња скитници, при што паднала и се здобила со повреди.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет